**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5673/**

# З А П И С Н И К

**Од 258.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 30.09.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска,Ивана Трајковска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и буџет во МРТ.

**258.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата започна во 13.10 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 257.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства.

4. Разгледување и усвојување на Правилник за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.

5. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 257.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 257.седница на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата записникот од 257.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 257.седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.
■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:
- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните го образложи Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства.
■**Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разгледување и усвојување на Правилник за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ и пред присутните го образложи Правилникот за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ, односно измените кои се прават согласно измените и дополнувањата на Колективниот договор на МРТ.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ и даде согласност на истиот.

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Правилникот за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.
■**Правилникот за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за исплата на плати,додатоци и надоместоци на плати на ЈРП МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По однос на оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 13.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател